РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Бр. 2112-102

07.02.2022 год.

СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 3 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 137/13 и 30/16), Одборот за Националната рамка на квалификации, на седницата одржана на 06.12.2021 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Квалификацијата **Монтер на мотори и моторни возила** се распоредува на ниво III, во Националната рамка на квалификации.

2. Ознаката на квалификацијата од точка 1 на оваа одлука во Регистарот на квалификации е **00102**

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Одборот за Национална рамка на квалификации на седницата одржана на 06.12.2021 година ја разгледа и расправаше по квалификацијата **Монтер на мотори и моторни возила** со обем од 180 кредити, поднесена од страна на Центарот за стручно образование и обука со барање бр. 08-1049/2 од 14.10.2019 година и утврди дека има предлог позитивно мислење бр. 2610-10/4 од 12.04.2021 година од Секторската комисија за Машинство, изготвена е во согласност со Методологијата за развој на стандарди на квалификации бр. 2608 од 06.02.2017 година, како и дека е споредлива е со таквите квалификации и дека ги исполнува барањата за ниво III, согласно Законот за Националната рамка на квалификации.

Имајќи го предвид горенаведеното Одборот за Национална рамка на квалификации одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА
ОДБОРОТ ЗА НАЦИОНАЛНА РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

Борчо Алексов

Република Северна Македонија Одбор за Национална рамка на квалификации Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut Këshilli për Kornizën Nacionale të Kualifikimeve Shkup

**Доставено до:**

– **Одделение за Национална рамка на квалификации**

изготвил: Ивона Билинска

контролирал: Нада Лазовска